**Република Северна Македонија**
**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**07 СУ.бр.1038/20**
**10.12.2020 година**
**СКОПЈЕ**

Судскиот администратор на ***ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ Дејан Нешовски,*** врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 06/16, 198/18 и 248/18), по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/2020, за работно место „Виш судски референт-извршител во писарница" од категорија „Г" ниво „Г2", по доставениот Предлог за најдобро рангирани кандидати за вработување 07 Су.бр.984/20-5 од 09.12.2020 година од Комисијата за селекција за вработување, на ден 10.12.2020 година, ја донесе следната:

***ОДЛУКА***

За работното место „Виш судски референт-извршител во писарница" од категорија „Г" ниво „Г2" (3-три извршители) се избираат кандидатите:

**1.ВАСИЛИЈА МАТЕВСКА МИТРЕЗОВА од Скопје, со шифра 2-2020/26-10-046**
**2.БОБАН СИМОНОСКИ од Скопје, со шифра 2-2020/26-10-003 и**
**3.ГОРДАНА АРСЕНОВА од Скопје, со шифра 2-2020/26-10-012**

Решение за вработување на судски службеник на неопределено време ќе се донесе по конечноста на оваа одлука, согласно чл. 37 од Законот за судска служба.

***Образложение***

Од страна на Основниот кривичен суд Скопје, во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" на ден 26.10.2020 година и на интернет страницата на судот објавен е Јавен оглас бр.2/2020 за вработување на 10-десет судски службеници, меѓу кои и за работното место „Виш судски референт-извршител во писарница" од категорија „Г" ниво „Г2" (3-три извршители), под реден број 4 од јавниот оглас.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата за селекција за вработување на судски службеници, согласно Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 06/16, 198/18 и 248/18) и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници (Сл.Весник на РМ бр.236/18 од 24.12.2018 година), по изборот на најдобро рангираните кандидати од соодветните листи до Судскиот администратор достави Предлог за најдобро рангирани кандидати за вработување 07 Су.бр.984/20-5 од 09.12.2020 година.

Со Предлогот за најдобро рангирани кандидати за вработување 07 Су.бр.984/20-5 од 09.12.2020 година, за работното место „Виш судски референт-извршител во писарница" од категорија „Г" ниво „Г2" (3-три извршители), Комисијата за селекција за вработување како најдобро рангирани кандидати ги предложи кандидатите со шифра бр. 2-2020/26-10-046 – Василија Матевска Митрезора, шифра бр.2-2020/26-10-003 – Бобан Симоноски и шифра бр.2-2020/26-10-012 – Гордана Арсенова, сите од Скопје.

Судскиот администратор, имајќи го во предвид доставенот Предлог за најдобро рангирани кандидати за вработување 07 Су.бр.984/20-5 од 09.12.2020 година со предлог за избор на првите три најдобро рангирани кандидати за работното место „Виш судски референт-извршител во писарница“ од категорија „Г“ ниво „Г2“ (3-три извршители), ги избра кандидатите Василија Матевска Митрезова, Бобан Симоноски и Гордана Арсенова, сите од Скопје.

Со оглед на наведеното, согласно чл.36 од Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 06/16, 198/18 и 248/18), следуваше да се одлучи како во изреката на оваа одлука.

Примерок од одлуката да се достави до избраните кандидати, кандидатите од ранг-листата кои не се избрани, истата да се објави на интернет страницата на судот и на огласната табла на судот.

***СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР НА ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ***
***Дејан Нешовски***

***ПОУКА:*** Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката за избор преку овој суд до Советот на судска служба

Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.